# Упатство за изведување практична настава на студентите од наставничките факултети

Скопје
2013

**Упатството е изготвено од група професори и асистенти од:**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“**
**Државниот универзитет во Тетово – Филозофски факултет**
**Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Педагошки факултет**
**Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки**

**Во соработка со:**

**Министерството за образование и наука на Република Македонија**
**Бирото за развој на образованието**

**Лектура:**

**д-р Елизабета Ралповска**

**Поддржано од:**

**Мисијата на ОБСЕ во Скопје**

(*Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.)*

**Скопје 2013 година**

Содржина


Предговор ........................................ 6
Вовед ........................................ 9
1. Состојби и перспективи во процесот на остварување на практичната настава на студентите од наставничките факултети ........................................ 10
2. Вклучени страни и партнери во процесот на изведување на практичната настава на студентите ........................................ 13
3. Постојната организација на практичната настава на студентите и препораки ........................................ 16
4. Цели на практичната настава на студентите ........................................ 19
5. Одговорности и задачи на студентот при реализацијата на практичната настава ........................................ 23
6. Одговорности и задачи на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на менторот-професор при реализацијата на практичната настава на студентите ........................................ 25
7. Евалуација на активностите на студентот во процесот на практичната настава ........................................ 28
8. Потребни документи при процесот на остварување на практичната настава на студентот: ........................................ 29
Користена литература ........................................ 31
ПРИЛОЗИ ........................................ 1
Прилог бр. 1 ........................................ 3
ПОТВРДА ........................................ 3
за упатување на студентот за реализација на практична настава ........................................ 3
Прилог бр. 2а/С ........................................ 4
Евиденциона листа за набљудувани наставни часови, остварени работни средби и состаноци ........................................ 4
Прилог бр. 3/С ........................................ 7
Извештај за реализирани активности, остварени работни средби и состаноци ........................................ 7
Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-наставник/педагог и студентот ........................................ 9
Прилог бр. 10/П ........................................ 11
Финален евалуациски извештај ........................................ 11
Прилог бр. 13 ........................................ 12
П О Т В Р Д А ........................................ 12
за реализирана практична настава на студентот ........................................ 12
Прилог бр. 1 ........................................ 14
ПОТВРДА ........................................ 14
за упатување на студентот за реализација на практична настава ........................................ 14
Евиденциона листа за набљудувани воспитно-образовни активности, ........................................ 15
остварени работни средби и состаноци ........................................ 15
Прилог бр. 3/С ........................................ 17
Извештај за реализирани активности, остварени работни средби и состаноци ........................................ 17
Прилог бр. 8б/С ........................................ 19
Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-воспитувач и студентот ........................................ 19
Прилог бр. 10/П ........................................ 21

Финален евалуациски извештај ........ 21
Прилог бр. 13 ........ 22
П О Т В Р Д А ........ 22
за реализирана практична настава на студентот ........ 22
Втора група прилози ........ 23
Одделенска настава ........ 23
Прилог бр. 4а/С ........ 24
Модел на дневна подготовка ........ 24
Прилог бр. 5а/С ........ 28
Модел на подготовка на наставен час ........ 28
Прилог бр. 6а/С ........ 30
Протокол за евалуација на наставен час ........ 30
Прилог бр. 6а/ П ........ 33
Протокол за евалуација на наставен час ........ 33
Прилог бр. 7/С ........ 36
Насоки за набљудување наставен час/воспитно-образовна активност ........ 36
Евалуациски извештај ........ 37
Прилог бр. 11/С ........ 38
Самопроценка на студентот ........ 38
Втора група прилози ........ 40
Предучилишно воспитание ........ 40
Прилог бр. 4б/С ........ 41
Дневен оперативен план ........ 41
Прилог бр. 5б/С ........ 43
Модел на подготовка на воспитно-образовна активност ........ 43
Прилог бр. 6б/С ........ 45
Протокол за евалуација на воспитно-образовна активност ........ 45
Прилог бр. 6б/П ........ 48
Протокол за евалуација на воспитно-образовна активност ........ 48
Прилог бр. 7/С ........ 51
Насоки за набљудување наставен час/воспитно-образовна активност ........ 51
Евалуациски извештај ........ 52
Прилог бр. 11/С ........ 53
Самопроценка на студентот ........ 53
Трета група прилози ........ 55
Одделенска наставаПрилог бр. 1 ........ 55
ПОТВРДА ........ 56
за упатување на студентот за реализација на практична настава ........ 56
Прилог бр. 2а/С ........ 57
Евиденциона листа за набљудувани наставни часови, остварени работни средби и состаноци ........ 57
Прилог бр. 4а/С ........ 60
Модел на дневна подготовка ........ 60
Прилог бр. 5а/С ........ 63

Модел на подготовка на наставен час ........................................................................ 63
Прилог бр. 6а/С ..................................................................................................... 65
Протокол за евалуација на наставен час ................................................................ 65
Прилог бр. 6а/ Н ..................................................................................................... 68
Протокол за евалуација на наставен час ................................................................ 68
Насоки за  набљудување наставен час/воспитно-образовна активност ........................... 71
Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-наставник/педагог и студентот ............................................................................................................... 72
Прилог бр. 9/Н ........................................................................................................ 74
Евалуациски извештај ............................................................................................ 74
Прилог бр. 10/П ...................................................................................................... 75
Финален евалуациски извештај ............................................................................... 75
Прилог  бр. 11/С ..................................................................................................... 76
Самопроценка на студентот .................................................................................... 76
Прилог бр. 13 .......................................................................................................... 78
П О Т В Р Д А .......................................................................................................... 78
за реализирана практична настава на студентот ....................................................... 78
Трета група прилози ............................................................................................... 79
Предучилишно воспитание ..................................................................................... 79
Прилог бр. 1 ............................................................................................................ 80
ПОТВРДА ............................................................................................................... 80
за упатување на студентот за реализација на практична настава ................................. 80
Евиденциона листа за набљудувани воспитно-образовни активности, остварени работни средби и состаноци ..................................................................................................... 81
Прилог бр. 4б/С ...................................................................................................... 83
Дневен оперативен план ......................................................................................... 83
Прилог бр. 5б/С ...................................................................................................... 85
Модел на подготовка на воспитно-образовна активност .............................................. 85
Прилог бр. 6б/С ...................................................................................................... 87
Протокол за евалуација на воспитно-образовна активност ........................................... 87
Прилог бр. 6б/Н ...................................................................................................... 90
Протокол за евалуација на воспитно-образовна активност ........................................... 90
Прилог бр. 7/С ........................................................................................................ 93
Насоки за  набљудување наставен час/воспитно-образовна активност ........................... 93
Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-воспитувач и студентот ............................................................................................................................ 94
Прилог бр. 9/Н ........................................................................................................ 96
Евалуациски извештај ............................................................................................ 96
Прилог бр. 10/П ...................................................................................................... 97
Финален евалуациски извештај ............................................................................... 97
Прилог  бр. 11/С ..................................................................................................... 98
Самопроценка на студентот .................................................................................... 98
Прилог бр. 13 .......................................................................................................... 100
П О Т В Р Д А .......................................................................................................... 100
за реализирана практична настава на студентот ....................................................... 100

**Предговор**

Професијата воспитувач/наставник/ педагог има многу важна општествена улога. Наставниците ги водат учениците низ воспитно-образовниот процес и ги подготвуваат за нивната иднина. Од нив се очекува да ги поучуваат учениците да стекнуваат знаења, да ги откриваат и да ги развиваат нивните способности и да им помагаат во процесот на формирање ставови. Одовде произлегува потребата воспитувачот/наставникот/педагогот успешно да го организира и да раководи со воспитно-образовниот процес и притоа да ги почитува личноста на ученикот и детето и нивните права. Имајќи ги предвид овие факти, може да заклучиме дека улогата на воспитувачот/наставникот/педагогот е доста комплексна и опфаќа повеќе сегменти. Ова ја наметнува потребата од постојано подобрување на квалитетот на почетното образование и континуирано организирање на обуки за идните воспитувачи, наставници и педагози, личности кои низ воспитно-образовниот процес ќе ги водат идните млади генерации. Изведувањето на практичната настава е еден од најважните сегменти во процесот на почетното образование и оспособувањето на идните воспитувачи, наставници и педагози како носечки субјекти во стручната служба во училиштето.

Потребата од упатство кое ќе содржи конкретни насоки за изведување на практичната настава на овие студенти беше препознаена од страна на јавните високообразовни установи, и тоа: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет и Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“; Државниот универзитет во Тетово – Филозофски факултет; Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Педагошки факултет; Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки. Во оваа насока, Одделот за образование при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, од каде што произлезе идејата за изработка на ваков вид упатство, спроведе истражување на тема „Правилата, регулативите и практиките на педагошките факултети поврзани со студентската практика во училиштата во Европа и пошироко“. Истражувањето содржеше искуства од повеќе држави (универзитети) кои имаат долга традиција во едукацијата на идни наставници и професионалци во областа на образованието. Тоа беше една од главните алатки преку кои девет експерти ангажирани од страна на Одделот за образование при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, го изработија „Упатството за изведување практична настава на студентите - идни воспитувачи,

наставници и педагози  во мултиетничка средина“. Работната група се состоеше од осум универзитетски професори и еден претставник на Министерството за образование и наука во состав: д-р Лена Дамовска, д-р Весна Макашевска, д-р Фадби Османи, д-р Методија Стојановски, д-р Снежана Јованова-Митковска, д-р Сунчица Димитријоска, д-р Бујар Саити, м-р Куштрим Ахмети и претставникот од Министерството за образование и наука, д-р Агим Рушити.

Во понатамошната доработка на Упатството, голем придонес дадоа и: д-р Алма Тасевска, д-р Татјана Котева-Мојсовска, г-ѓа Слободанка Ристевска, д-р Кирил Барбареев, д-р Никола Смилков, д-р Емиљ Сулејмани, д-р Вера Стојановска, д-р Анета Баракоска, д-р Елизабета Томевска-Илиевска, д-р Зеќирја Реџепи, д-р Абдилнасер Синани, м-р Бурхан Ахмети, м-р Мујесер Илјази, д-р Агим Салмани, д-р Марјан Малцев, д-р Владимир Талевски, д-р Валентина Гулевска, м-р Милена Пејчиновска, м-р Бисера Костадиновска, д-р Билјана Камчевска, д-р Данче Сивакова, д-р Јасминка Кочоска, д-р Методи Главче, д-р Лулзим Адеми, д-р Маја Рауник Кирков, д-р Лулзим Алиу, д-р Борче Костов, м-р Ирена Китанова, д-р Билјана Попеска, д-р Кирил Цацков, м-р Весна Хорватовиќ - директор на Бирото за развој на образованието, г-ѓа Ајше Ајрулаи, д-р Јохан Шустередер, д-р Ибиш Кадриу, м-р Емилија Симоновска Јаначковска, м-р Синиша Крстов, м-р Јелена Брајовиќ, како и цел тим воспитувачи, наставници и педагози од неколку основни училишта и детски градинки од Скопје, Тетово, Штип и Битола.

Во текот на работата експертите дискутираа за состојбите и предизвиците во насока на оваа проблематика, при што нивната работа резултираше со изработка на текстови за осум теми (моментални состојби, предизвици и перспективи во процесот на остварување на практичната настава на наставничките факултети, кои се засегнатите страни и партнери во процесот на остварување на практичната настава, моментална структура на практичната настава и препораки, цели на практичната настава, одговорности и задачи на студентите при реализирање на практичната настава, улогата, одговорностите и задачите на менторот-воспитувач/наставник/педагог[1] и на менторот-

[1]Менторот-воспитувач/наставник/педагог во контекст на ова Упатство за изведување  практична настава претставува воспитувач/наставник/педагог во редовен работен однос во училиште (воспитно-образовна институција) кој во текот на својата редовна работа врши следење и менторирање на студенти од педагошките и/или филозофските факултети, а во соработка со релевантните високообразовни институции.

професор[2], евалуација на реализираните активности на студентот во процесот на практичната настава и потребни документи при процесот на остварување на практичната настава) кои се опфатени со Упатството. Упатството е во функција на водич во процесот на остварување на практичната настава за сите засегнати страни (воспитувачи, наставници и педагози) кои се вклучени во процесот и има цел да придонесе за подобрување на изведувањето на практичната настава.

Скопје 2013

[2] Ментор-професор во контекст на ова Упатство за следење на практичната настава е професор во редовен работен однос во високообразовна институција кој е одговорен за следење на практичната настава на студентите.

**Вовед**

Во нашата земја воспитувачкиот/наставничкиот/педагошкиот кадар се образува во неколку високообразовни установи, односно на: Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ и на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Филозофскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово и Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Профилот што се образува во горенаведените високообразовни установи првенствено е наменет за трите степени на воспитание и образование (предучилишно, основно и средно).

Високообразовните установи ја реализираат својата дејност според акредитираните студиски програми од страна на Одборот за акредитација и евалуација.

Студиските програми кои се реализираат во таквите институции имаат сличности, но во голема мера и се разликуваат во нивната структура, пред се: во времетраењето на студиите, бројот на предметните програми по семестри, определувањето на кредитите по предметните програми, дидактичко-методичкото обликување на наставните содржини, начинот на реализирањето, времетраењето и реализацијата на практичната настава и др.

Еден од основните проблеми при реализацијата на студиските програми на овие факултети е начинот на организирање и на реализирање на практичната настава. Во моментов се забележува разноликост во начинот на реализирање на таквата практична настава на сите факултети. Ова, пред сѐ, произлегува од различноста на студиските програми. Исто така, не постојат унифицирани критериуми за програмите за реализирање на практичната настава, за начинот на избор на институциите, критериуми за избор на ментори-воспитувачи/наставници/педагози од училиштата[3]/детските градинки[4] и другите воспитно-образовни организации и на ментори-професори од факултетите, отсуство на финансиска поддршка на субјектите (институциите, менторите) вклучени во овој процес.

Од друга страна, не постои јасна легислатива што ја регулира оваа проблематика која се однесува на правата и обврските на сите субјекти во овој процес. Единствените два подзаконски акти кои ја регулираат оваа проблематика се „Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите“ (Службен весник на

[3] Основни и средни училишта.
[4] Јавна установа - детска градинка.

Република Македонија, бр. 120/2010) и „Правилникот за условите кои треба да ги исполнува истакнат стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничката настава“ (Службен весник на Република Македонија, бр. 120/2010). Токму од оваа причина, при реализацијата на практичната настава студентите и професорите од сите високообразовни институции, како и воспитувачите/наставниците/педагозите кои ги менторираат студентите во текот на реализацијата на нивната практична настава, се соочуваат со голем број проблеми.

Со процесот на децентрализација преку кој ингеренциите за детските градинки, основните и средните училишта се пренесоа на локалната власт, оваа состојба стана дополнително посложена. Искуствата укажуваат дека отсуствува координација помеѓу локалната власт, од една страна, и надлежните министерства и факултетите, од друга страна.

Токму од овие причини е изготвено и ова Упатство кое очекуваме дека ќе биде во функција на надминување на горенаведените проблеми.

При изработката на Упатството се земени предвид препораките на Европската комисија (Европска комисија, Практичната обука на наставен час во рамките на почетното образование на наставници, 2009).

## 1. Состојби и перспективи во процесот на остварување на практичната настава на студентите од наставничките факултети

Општ тренд во земјите од Југоисточна Европа е да се зголемат можностите за изведување практична настава, а тоа подразбира да се започне со практична настава на студентите уште на почетокот на студиската програма, да се поврзат високообразовните институции со училиштата, детските градинки и другите воспитно-образовни институции каде што студентите ќе ја изведуваат практичната настава со цел нивното теоретско знаење, вештини и способности да се надополнат со практично искуство. И нашата држава не е исклучок од овие трендови. Таа има потреба од воспитувачи, наставници и педагози кои поседуваат знаења, вештини и искуство стекнати преку практична настава уште во текот на почетното образование. Зголемениот обем на практична настава треба да опфати повеќе сегменти кои се предуслов за подобрување на квалитетот на наставата и

подготовката на идните воспитувачи, наставници и педагози за реализација на нивните функции.

Состојбите во процесот на остварување на практичната настава укажуваат на:

- Непостоење јасна законска регулатива која детално и целосно ќе ја третира практичната настава.
- Различни студиски програми и разлики во студиските програми и распределбата на кредитите (ЕКТС) помеѓу самите педагошки факултети и педагошките и филозофските факултети во државата.
- Непостоење законска рамка за регулирање на финансиските обврски кон образовните институции.
- Несоодветни просторни услови во училиштата за остварување на практичната настава. Недостаток на термини за користење на училишните спортски сали.
- Недоволна мотивација на училиштата за прифаќање на студентите.
- Недоволна комуникација меѓу менторот-воспитувач/наставник/педагог, менторот-професор и студентите за активностите и целокупниот процес при остварувањето на практичната настава.
- Непрецизно дефинирани обврски на менторот-воспитувач/наставник/педагог, менторот-професор и студентите.
- Непостоење критериуми и начини за избор на ментори-воспитувачи/наставници/педагози во училиштата.
- Недоволно цврсто воспоставен начин на соработка помеѓу факултетите и училиштата, детските градинки и другите воспитно-образовни институции[5].
- Делумна повратна информација (feed-back) за успехот и за напредокот на студентите од страна на менторот-воспитувач/наставник/педагог кон менторот-професор.
- Евидентирани проблеми во воспоставувањето соработка со формалните образовни институции и во реализацијата на практичната настава на факултетите преку симулации.

[5] Често менторите-професори се принудени по пат на лични контакти и познанства да остваруваат соработка со формалните воспитно-образовни институции за реализација на практичната настава.

- Практичната настава се сфаќа како предуслов за полагање на некои предмети (методики) кои се предвидени со студиските програми на педагошките и на филозофските факултети, како и предуслов за запишување на студентот во наредниот семестар, односно пријавување на неговата дипломска работа.

Можности за подобрување на актуелните состојби постојат. Па така, од аспект на областите кои може да придонесат кон подобрување на квалитетот на практичната настава, се издвојуваат следниве:

- Донесување законска регулатива која детално и целосно ќе ја уреди практичната настава.
- Усогласување на условите и критериумите за практична настава на факултетите.
- Определување на структурата на практичната настава.
- Дефинирање на целите на практичната настава.
- Изработување на критериуми за избор на воспитно-образовни институции и на ментори-воспитувачи/наставници/педагози.
- Формирање центар за менторство со база на податоци за ментори-воспитувачи/наставници/педагози и воспитно-образовни институции во кои ќе се реализира практичната настава. Центарот ќе биде давател на услуги за обуки и за сертифицирање на менторите и ќе биде надлежен за нивно бирање/реизбирање.
- Дефинирање на задачите и одговорностите на студентите, менторите-воспитувачи/наставници/педагози и на останатите вклучени страни во процесот.
- Определување на начинот на евалуација на активностите од практичната настава на студентот и на менторот-воспитувач/наставник/педагог.
- Воспоставување финансиска рамка за менторот-воспитувач/наставник/педагог и за исплата на лицата-ментори и на воспитно-образовните институции каде што ќе се реализира практичната настава.
- Јакнење на соработката меѓу вклучените страни во процесот на остварување на практичната настава.

## 2. Вклучени страни и партнери во процесот на изведување на практичната настава на студентите

Во реализацијата на практичната настава со студентите од педагошките и од филозофските факултети се вклучени повеќе партнери, а како најзначајни се јавуваат: факултетите, училиштата, детските градинки, ресорните министерства, граѓанските здруженија, меѓународни организации и др.

Главни субјекти во процесот на практичната настава се студентите, менторите-воспитувачи/наставници/педагози и менторите-професори. Тие имаат клучна улога во реализацијата на нејзините цели.

Сите вклучени страни во реализацијата на практичната настава треба да бидат во директна врска и во постојана комуникација. Таа врска може да биде формализирана преку потпишување меѓусебен договор и/или меморандуми на соработка.

Секоја вклучена страна во процесот на реализација на практичната настава има одредена улога и одговорности, и тоа:

- Факултети:
    - доследна реализација на студиската програма, односно предметните програми кои предвидуваат практична настава;
    - јасно дефинирање на обврските на менторот-професор на факултетот и на менторот-воспитувач/наставник/педагог во воспитно-образовните институции;
    - доследно реализирање на обврските кои се предвидени во потпишаните меѓусебни договори.
- Детска градинка, основно, средно училиште и други воспитно-образовни институции:
    - обезбедување на условите во согласност со подзаконските акти и со потпишаните меѓусебни договори;
    - изготвување план за менторство за потребите на факултетската практична настава;

- информирање на потенцијалните ментори-воспитувачи/наставници/педагози и на студентите за процесот на реализација на практичната настава;
- определување на менторите-воспитувачи/наставници/педагози на почетокот на учебната година за наредната учебна година, со право на реизбор на секоја трета година;
- заедничко планирање на професионалниот развој на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на студентот.

- Ментор-воспитувач/наставник/педагог:
  - планирање и програмирање на практичната настава во координација со менторот-професор;
  - менторирање на студентите во текот на реализацијата на практичната настава;
  - формативна и сумативна евалуација на практичната настава на студентите.

- Ментор-професор:
  - планирање, програмирање и организирање на целокупната практична настава во координација со вклучените страни;
  - континуирано следење на практичната настава на студентот во воспитно-образовните институции;
  - евалуирање и верифицирање на реализираната практична настава.
- Студенти:
  - да стекнат практични искуства и непосредно да се запознаат со сите аспекти на професијата воспитувач/наставник/педагог;
  - активно да се вклучат во работата на воспитно-образовната институција;
  - да развијат педагошки компетенции.

- <u>Надлежни министерства:</u>
    - Министерството за образование и наука во процесот на практичната настава на студентите се вклучува преку следниве органи: Биро за развој на образованието, Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Државен просветен инспекторат, Центар за стручно образование и обука при донесување на подзаконски акти, правилници и сл. Тие ќе ја регулираат проблематиката на организирање и изведување на практичната настава и ќе обезбедат услови за реализација на практичната настава.
    - Министерството за труд и социјална политика, во согласност со подзаконските акти и потпишаните меѓусебни договори и/или меморандуми за соработка, ќе обезбеди услови за реализација на практичната настава.
- <u>Локална самоуправа:</u>
    - доследно почитување на актите донесени од страна на надлежните министерства, односно од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика кои се однесуваат на реализацијата на практичната настава, како и обезбедување на посоодветни услови за успешно реализирање на практичната настава.
- <u>Граѓански здруженија:</u>
    - граѓанските здруженија исто така може да обезбедат услови и простор за реализирање на практичната настава на студентите доколку спроведуваат активности компатибилни на студиските програми на наставничките факултети. За разлика од формалните воспитно-образовни институции, во граѓанските здруженија е релативно полесно да се најдат места за реализирање на практичните задачи на студентите. Невладините организации ја реализираат обуката на студентите (практичната настава) и често финансиски ја поддржуваат без никаква финансиска компензација. Овие организации се важен извор на информации за  различни прашања од областа на образованието и на овие искуства се гледа од поинаква перспектива за разлика од оние кои доаѓаат од системот на формалното образование.

- <u>Меѓународни организации:</u>
    - во реализацијата на практичната настава на студентите од педагошките и од филозофските факултети, меѓународните организации играат важна улога во обезбедувањето на меѓународна експертиза и искуства од други образовни системи. Меѓународните организации, исто така, може да обезбедат поддршка на институциите за обука на идни воспитувачи, наставници и педагози и да воспостават врски и соработка со слични институции од други земји.

Квалитетната соработка меѓу сите вклучени страни е предуслов за квалитетна практична настава. А квалитетната соработка зависи од степенот до кој вклучените страни ќе ги исполнат своите обврски во насока на остварување на поставените цели за успешно насочување и воведување на студентите во нивната идна професија. Во извештајот за 2011 година „Наставници за во иднина: Јакнење на капацитетите на наставниците за инклузивно образование во Западен Балкан“, Европската фондација за обука и Европската агенција за образование и обука на Европската Унија потенцираа дека „градењето на линкови со училиштата може да им помогне на установите кои продуцираат идни наставници и нивниот персонал да се фокусираат на тоа како може да одговорат на промената на улогата и одговорностите на воспитувачот, наставникот и педагогот и да ги подобрат можностите за размена на искуства помеѓу нив и останатите професионалци кои работат во доменот на образованието“.

**3. Постојната организација на практичната настава на студентите и препораки**

Според Европската комисија (2009), само големото практично наставно искуство може да подготви еден воспитувач, наставник и педагог да биде одговорен во реализацијата на воспитно-образовната работа. Практичната настава треба да започне уште во почетното образование на идните воспитувачи, наставници и педагози преку набљудување. Практичната настава би била најефективна доколку студентите имаат добиено конкретни задачи на кои би требало да се фокусираат.

Според *Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава на студентите*, донесен од страна на министерот за образование и наука (Службен весник на Република Македонија, бр. 120/2010), практичната настава не може да трае помалку од еден час, ниту повеќе од осум часа во денот. Обемот и времетраењето на практичната настава не може да бидат пократки од 30 дена.

На наставничките факултети се реализираат неколку модели на практична настава. Нејзиното реализирање директно е условено од акредитираните студиски програми.

Моделите на практична настава на наставничките факултети може да ги поделиме на следниов начин:

- На Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, реализирањето на практичната настава почнува во втор семестар и трае до осми семестар.
- На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, практичната настава почнува во трет семестар и трае до осми семестар.
- На Педагошкиот факултет во Битола, практичната настава почнува во трет семестар, а завршува во осми семестар со интегрирана педагошка практика.
- На Филозофскиот факултет при Државниот универзитет во Тетово - студиска програма Педагогија, насока Одделенска настава и студиска програма Професионална педагогија, практичната настава почнува во петти семестар, а завршува во седми семестар.
- На Факултетот за образовни науки во Штип, практичната настава почнува од прв семестар и трае сè до последниот семестар.

При изведувањето на практичната настава, во повеќето случаи, студентите следат неколку фази и тоа:

- Почетна фаза: информирање и сензибилизирање на студентите за амбиентот во кој се реализира воспитно-образовниот процес. Оваа фаза е поврзана со една од целите на практичната настава, односно со запознавање со воспитно-образовниот процес.
- Фаза на непосредно учество, односно партиципација на студентите во реализација на дел од практичната настава во воспитно-образовниот процес. Оваа фаза е поврзана со една од целите на практичната настава, односно со постепена вклученост на студентот во наставниот процес/воспитно-образовната работа.

Фаза на самостојно реализирање на предвидените активности со програмата за практична настава на студентите. Оваа фаза е поврзана со една од целите на практичната настава, односно со самостојно водење на воспитно-образовниот/наставниот процес/активности од страна на студентот.

Сегашната поставеност и организација на практичната настава не им дава многу можности на студентите да стекнат знаења за работата на училишниот менаџмент, за интеракцијата со родителите, за работи поврзани со безбедноста во училиштата или како да се справиме со насилството во училиштата, како и со можностите и предизвиците за работа во различни социокултурни средини кои може да произлезат како резултат на меѓуетничките односи.

Со цел да се зголеми квалитетот, издвојуваме неколку препораки за организација на практичната настава и тоа:

- <u>Вкупен број на набљудувани часови/активности</u> (менторот и останатите воспитувачи/наставници или стручни соработници во училиштето или во детската градинка): најмалку 30 наставни часови во семестар.
- <u>Вкупен број на часови за реализација на наставни часови</u>: најмалку 15 наставни часови во семестар (на секои 2 набљудувани наставни часа следува по 1 реализиран наставен час).
- <u>Број на средби со директорот</u>: најмалку една средба (по една средба во сите фази на реализирање на практичната настава на кои присуствуваат менторот-професор, менторот-воспитувач/наставник/педагог и студентите).
- <u>Средби со училишниот педагог</u>: најмалку две средби на кои студентите ќе се запознаат со задачите и одговорностите на училишниот педагог, како и со соработката помеѓу училишниот педагог и учениците, наставниците, директорот, родителите и останатите вклучени страни (студентите-педагози ќе бидат вклучени и во реализацијата на активностите на училишниот педагог).
- <u>Средби со останатите стручни соработници во воспитно-образовната институција (психолог, социјален работник, дефектолог, социолог, библиотекар и др.):</u> најмалку една средба со секој од нив на која студентите ќе се запознаат со нивните задачи и одговорности.

- Број на средби со родителите: студентот треба да присуствува барем на една заедничка средба со родителите (родителска средба) за да може да се запознае со професијата воспитувач/наставник/педагог од аспект на информирање на родителите на учениците, организирање на родителските средби и сл. Заедно со менторот-воспитувач/наставник/педагог, студентот би требало да има најмалку една индивидуална средба со родител/и на ученик на која би се разговарало за напредокот на ученикот, неговите предизвици, тешкотии во учењето, како и за мерките за поддршка на ученикот.
- Средби со граѓански здруженија кои работат во областа на образованието: најмалку една средба на која студентот ќе добие увид во социјалните аспекти на професијата воспитувач/наставник/педагог, а кои ќе му овозможат на студентот да го разбере влијанието кое социјалната и економската состојба на ученикот може да го има врз неговиот успех во остварувањето на задачите. Исто така, овие средби на студентот ќе му овозможат да разбере зошто овие аспекти треба да се имаат предвид и зошто соработката на релација воспитувач/наставник/педагог – родител е од огромно значење.

## 4. Цели на практичната настава на студентите

Општа цел на практичната настава е насочување и осамостојување на студентите за активно учество во воспитно-образовниот процес. Земајќи ги предвид различните фази во процесот на остварување на практичната настава, од општата цел произлегуваат неколку посебни цели за секоја од фазите.

Почетна фаза

Целта на оваа фаза е студентот да се запознае со воспитно-образовниот процес. Ова вклучува:

- Да се запознае со планот и со програмата на целокупната практична настава во координација со вклучените страни.

- Посета на воспитно-образовната институција со цел запознавање на студентот со училишната клима[6] и култура во воспитно-образовните институции (меѓусебно почитување и доверба, соработка и меѓусебно разбирање; норми и вредности во конкретната институција).
- Да се запознае со раководната структура (директор, заменик-директор) на училиштето/детската градинка или на друга воспитно-образовна институција и со нивното работење.
- Да се запознае со структурата и со работата на стручните органи[7].
- Да се запознае со работата на советот на родители.
- Да се запознае со годишната програма за работа на училиштето/детската градинка.
- Да се запознае со годишната програма за работа на училишниот педагог.
- Да се запознае со педагошката евиденција и документација.
- Да се запознае со работата на менаџментот во училиштето/детската градинка или во друга воспитно-образовна институција (менаџирање на макрониво – структура, хиерархија; менаџмент во училница/занимална).
- Да ја негува родовата и интеркултурната[8] сензитивност, мултикултурализмот[9] во основното училиште/детската градинка.

---

[6] Иако е тешко да се даде една концизна дефиниција, сепак, повеќето истражувачи се согласуваат дека тоа е една повеќедимензионална конструкција која вклучува физички, социјални и академски димензии. Според Александра Лукас (Alexandra Loukas, 2007), физичката димензија ги вклучува надворешниот изглед на училиштето, големината на училниците, достапноста на ресурсите и безбедноста и удобноста во училиштето. Социјалната димензија ги вклучува квалитетот на интерперсоналните односи помеѓу вработените, правичниот и праведен однос кон учениците од страна на наставниците и останатите вработени, нивото на компетитивност помеѓу студентите и нивото на вклученост на студентите, наставниците и останатите вработени во процесот на одлучување. Академската димензија, пак, ги вклучува квалитетот на инструкциите, очекувањата на наставниците за постигањата на учениците и следење на прогресот и навремено известување за напредокот на учениците.

[7] Закон за основно образование и Закон за средно образование:

[8] Филозофијата на „интеркултурализмот“ подразбира културите да бидат динамични идентитети кои се создаваат доколку поинаку се отвораат кон различностите. Од тие причини интеркултурната комуникација не е само пасивно прифаќање на мултикултурните факти, ниту пак е добра волја, туку значајна компонента на секоја култура што подразбира таква афирмација. Ваквиот вид на комуникација е неопходен и се случува во посебно одредени ситуации помеѓу различните поединци кои зборуваат различни јазици и за кои зборовите и работите имаат различно мислење. Тие, сепак, се совпаѓаат во нивната намера да се разберат едни со други и да им пристапат на другите средини кои се поразлични од нивната. Кога разликите се ставени настрана, како непостоечки, резултатот е осиромашување на нивното саморазбирање и моралноста. Затоа е неопходно да биде одреден јазикот на комуникација (Penas Ibanez B. and Lopez Saenz C., 2006:15).

Според една друга дефиниција, интерклутурното образование е процес во кој се учи како да се живее во светот на различностите што претставува појдовна точка за градење заеднички живот во мир. Интеркултурализмот се стреми да промовира и да развива: подобро разбирање на културите во модерното општество, способност за комуницирање помеѓу луѓето кои припаѓаат на различни култури, флексибилен став спрема културните различности и поголема подготвеност на луѓето активно да се вклучат во социјалната интеракција со луѓето од друго културно потекло(Ouellet F., 1991).

[9] Терминот „мултикултурализам“ ги претставува културно поттикнатите разлики помеѓу разновидните културни заедници и се однесува на одредено општество во рамките на дадена земја што се карактеризира со етничка или со културна хетерогеност (Атанасова В.). Мултикултурализмот е политика на мултикултурните демократски општества која упатува на соживот, почитување на различностите, толеранција и дијалог, почитување на малцинските права во однос на мнозинските и идентитетот (Taylor Ch. et al.,1994).

- Да се запознае со организацијата и со формите на соработка меѓу училиштето/детската градинка и семејството.
- Да ја поддржува инклузивноста во основното училиште/детската градинка т.е. инклузивното образование (почитување на индивидуалноста на учениците/децата, образование за сите, учење во интегрирана средина, флексибилност, еднаквост на можности и сл.).
- Да добие претстава за практична реализација на наставен час/воспитно-образовна активност (структура, артикулација, применети постапки, стратегии на учење и поучување и сл.).
- Да се запознае со начинот на планирање, организирање и реализирање на дополнителната и додатната настава.
- Да се запознае со работата на менторот-воспитувач/наставник/педагог при реализирање на родителски средби и индивидуални средби со родители.
- Да се информира за планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности (слободни ученички активности, натпревари, општествено-корисна и хуманитарна работа, ученички екскурзии - Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, 2007:109).
- Да се запознае со материјално-техничките услови, организацијата на безбедноста во училиштето/детската градинка (безбедноста на учениците/децата за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето/детската градинка).

Фаза на непосредно учество

Во оваа фаза целта е студентот да се подготви за самостојна реализација на активностите во воспитно-образовните институции. Ова вклучува:

- Да користи соодветен инструментариум (види Прилози) за евидентирање на следените воспитно-образовни активности.
- Да ја следи работата на менторот-воспитувач/наставник/педагог.
- Преку непосредно набљудување студентот да се запознае со планирањето, организацијата, реализацијата и следењето, вреднувањето и оценувањето на активностите во воспитно-образовните институции.

- Да се запознае со различни форми, техники и методи на воспитно-образовната работа.
- Да се запознае со организацијата на безбедноста во училиштето/детската градинка (безбедноста на учениците/децата за време на одморите, приемот на учениците/децата и нивното заминување од училиштето/детската градинка).
- Да развие сензибилитет за родова еднаквост, интеркултурализам и мултикултурализам во воспитно-образовните институции.
- Да се оспособи за самостојно реализирање на наставен час/активност и на дополнителна и додатна настава.
- Да се оспособи да ги идентификува постапките за следење, проверување и оценување на постигнувањата на учениците/децата.
- Да ја следи реализацијата на дополнителната и додатната настава во училиштето (се однесува на практиката во основните училишта).
- Да ги следи воннаставните активности (слободни ученички активности, натпревари, општествено-корисна и хуманитарна работа, ученички екскурзии).
- Да ги следи и да присуствува на родителските состаноци и индивидуалните средби на менторот-воспитувач/наставник со родителите.
- Да ја следи реализацијата на активностите на педагогот во воспитно-образовните институции.

Фаза на самостојна реализација на активности

Целта на оваа фаза е студентот да развие вештини и способности за самостојна реализација на професијата воспитувач/наставник/педагог и да стекне самодоверба. Ова вклучува:

- Да изработи подготовка за наставен час/активност која вклучува дефинирање на целите, определување на формите, методите, постапките, средствата и помагалата, артикулација на наставниот час/насочената активност и очекуваните резултати од реализацијата.
- Да изработи план и програма за работа на педагогот.
- Да ги дефинира целите на наставниот час.
- Да создава поволна социјално-емоционална клима во училиштето.

- Да развива вештини за разрешување на проблеми во различни воспитно-образовни ситуации.
- Да стекнува знаења и умеења за справување со влијанието на вонучилишните фактори при учењето и поучувањето.
- Да користи современи интерактивни методи за реализација на воспитно-образовниот процес.
- Да им овозможи на учениците и на децата да учат на различни начини, имајќи ги предвид нивните потреби, способности, интереси и мотивација.
- Да развива сензибилитет за родова еднаквост, интеркултурализам и мултикултурализам во воспитно-образовните институции.
- Да учествува во реализацијата на воннаставните активности (слободни ученички активности, натпревари, општествено-корисна и хуманитарна работа, ученички екскурзии).
- Да се однесува кон сите ученици рамноправно и да ги идентификува предностите и слабостите на секој ученик поединечно.
- Да врши проверка на усвоените знаења, користејќи разни видови техники и инструменти.
- Да учествува во реализацијата на дополнителната и додатната настава во училиштето (се однесува на практиката во основните училишта).
- Критички да ги анализира сопствените наставни часови/активности и да извлекува заклучоци кои ќе бидат од корист за подобрување на квалитетот на својата натамошна работа.
- Да ги следи и да ги анализира наставните часови/насочените активности на другите студенти (своите колеги).
- Да ги следи и да ги анализира наставните часови/насочените активности на менторот-наставник.

## 5. Одговорности и задачи на студентот при реализацијата на практичната настава

Дефинирањето на обврските и задачите на студентот при реализацијата на практичната настава/активности е од исклучителна важност. Конкретизираните обврски и задачи ќе му помогнат на студентот успешно да планира, да организира и да реализира практична настава во училиштето/детската градинка.

Одговорности на студентот:

- Да се однесува во согласност со одредбите кои се предвидени во меѓусебниот договор помеѓу матичната високообразовна и образовната институција.
- Да се однесува во согласност со кодексот на воспитно-образовната институција.
- Да негува родова, интеркултурна и мултикултурна сензитивност во училиштето/детската градинка во која ја реализира практичната настава.

Задачи на студентот:

- Да ги почитува принципите на воспитно-образовниот процес и методските начела.
- Да соработува со менторот-воспитувач/наставник/педагог, менторот-професор, другите студенти, воспитувачи, наставници, директорот, стручните соработници, родители, ученици и сл.
- Активно да учествува во изготвувањето на дневната подготовка под надзор на менторот-воспитувач/наставник/педагог.
- Активно да ги следи и да ги анализира менторските наставни часови заедно со менторот-воспитувач/наставник/педагог.
- Да изготви протокол за евалуација на наставен час/воспитно-образовна активност (Прилози бр. 6а и 6б), како и наративен извештај за набљудуваните часови (Прилог бр. 7).
- Да развие вештини за менаџирање со учениците, времето и ресурсите во паралелката.
- Да практикува соодветен пристап во работата со учениците со посебни образовни потреби и да се грижи за поддржување на инклузивноста во паралелката[10].

[10] Владимир Јуриќ го користи терминот посебни ученици при што го прифаќа поширокото значење на поимот деца со посебни потреби. Јуриќ наведува дека во училиштето често се среќаваат ученици кои на кој било начин бараат посебно проучување и педагошко дејствување, меѓутоа со определбата посебни ученици се мисли на оние ученички посебности кои, воопштено говорејќи, се значајни

- Да пополнува евиденциона листа за набљудување на наставни часови/воспитно-образовни активности, остварени работни средби и состаноци во секоја фаза од практичната настава (Прилози бр. 2а и 2б).
- Да изготви извештај за реализирани активности, работни средби и состаноци (Прилог бр. 3).
- Да развие вештини за самостојна реализација на наставен час/воспитно-образовна активност.
- Да изготви дневна подготовка/дневен оперативен план за реализирање на наставен час/воспитно-образовна активност (Прилози бр. 4а, 4б, 5а, 5б).
- Да развие вештини за самостојно водење на секаков вид педагошка документација.
- Да врши континуирана самопроценка на сопствената работа со поддршка на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на менторот-професор.
- Да врши самоевалуација на сопствената активност (Прилог бр. 11).
- Да ги препознава релевантните социјални институции кои може да помогнат при решавање на одредени воспитно-образовни проблеми.

## 6. Одговорности и задачи на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на менторот-професор при реализацијата на практичната настава на студентите

Во практичната настава на студентите, менторот-воспитувач/наставник/педагог и менторот-професор имаат задачи и одговорности во текот на целиот процес. Од квалитетот на исполнувањето на задачите и обврските на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на менторот-професор, во голема мера зависи и квалитетот на остварувањето на практичната настава.

<u>Одговорности на менторот-воспитувач/наставник/педагог:</u>

отстапувања во некои особини. Овој автор понатаму нагласува дека за педагошко дејствување се значајни сите посебности без оглед дали се резултат на акцелерација или на ретардација на општиот или на посебниот развиток на ученикот. Со поимот посебни ученици ги означува сите ученици кои заслужуваат посебно внимание во училиштето, обединувајќи ги така сите категории без разлика на етиологијата, начинот на манифестирање на таквите посебности или аспектите на одделните дисциплини. Со поимот посебни ученици Јуриќ ги означува децата со пречки во развитокот, со различни оштетувања на функциите, децата кои тешко се воспитуваат и посебно надарените ученици (Jurić, 1977).

- Да им помага на студентите во интегрирањето во воспитно-образовната институција.
- Да придонесе за создавање позитивна клима која ќе ја унапреди соработката и поддршката во насока ментор - студент.

Задачи на менторот-воспитувач/наставник/педагог:

- Да го запознае студентот со внатрешната организација на воспитно-образовната институција, поставеноста и кодексот на институцијата/установата во која престојува, како и со што поголем број аспекти од училишниот живот (запознавање со начинот на соработка со родителите, локалната заедница и невладиниот сектор, социјалните аспекти, интеркултурните аспекти и др.).
- Да демонстрира различни модели на поучување.
- Да врши проценка на активностите на студентот.
- Да го оспособи студентот да ги препознава учениците и децата со посебни образовни потреби.
- Да му помага на студентот во планирањето, подготовката и реализирањето на наставниот час/воспитно-образовната активност.
- Да врши набљудување на наставните часови/активностите реализирани од страна на студентот (Прилози бр. 6а и 6б).
- Да го запознае студентот со прашања поврзани со безбедноста во училиштето/ детската градинка.
- Да го запознае студентот со работи поврзани со јазикот на кој се изведува наставата и со други прашања поврзани со меѓуетничките односи во училиштето/детската градинка.
- Да го претстави студентот пред останатите наставници во училиштето и пред училишниот менаџмент за да може студентот да се почувствува како интегрален дел од училиштето/детската градинка.
- Да дискутира со студентот за подготовката на претстојниот наставен час/активност, одржаните наставни часови/активности од страна на студентот и за набљудувањето на наставниот час/активноста од страна на студентот, како и континуирано да

обезбедува повратна информација (feed-back) за набљудуваните наставни часови/активности и сл.

- Да ги запознае студентите со работата поврзана со дополнителната и додатната настава, како и со воннаставните активности.
- Континуирано да го следи и да го поттикнува напредокот на студентот при остварувањето на практичната настава.
- Да подготви извештај за остварените консултативни средби со студентот (Прилог бр. 8).
- Да ги провери и да ги потпише документите подготвени од страна на студентите (Прилози бр. 2а, 2б и 3).
- Да врши сумативна евалуација на практичната настава на студентот и да изготви финален евалуациски извештај (Прилог бр. 9).

<u>Одговорности на менторот-професор:</u>

- Да изготви програма за практична настава во координација со вклучените страни.
- Да воспостави професионална соработка со воспитно-образовната институција, со поддршка од релевантните институции.
- Да развива самодоверба кај студентот за изведување активности преку практичната настава.

<u>Задачи на менторот-професор:</u>

- Да го запознае студентот со правилата, одговорностите и задачите на практичната настава.
- Да соработува со менторот-воспитувач/наставник/педагог.
- Да ја анализира и да ја евидентира целокупната доставена документација (Прилози бр. 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9) од реализираната практична настава на студентот.
- Да изготви финален евалуациски извештај (Прилог бр. 10).
- Да подготви календар за консултативни средби со студентот во врска со практичната настава.

## 7. Евалуација  на активностите на студентот во процесот на практичната настава

Целта на евалуацијата на практичната настава е да обезбеди јасна, кохерентна и сеопфатна повратна информација (feed-back) на активностите на студентите за нивните вештини и способности потребни за реализација на воспитно-образовниот процес. Се евалуираат активностите на студентот во однос на следниве аспекти:

- покажување интерес, подготвеност, иницијатива и  ентузијазам;
- менаџирање со паралелката, односно водење на учениците кон остварување на поставените цели;
- мотивирање на учениците за следење на наставниот час;
- комуникациски вештини, како на пример: изговор, тоналитет, невербална комуникација  и сл.;
- педагошко-психолошки знаења, како што се: мотивирање на учениците и способност за креирање позитивна клима во која сите ученици меѓусебно ќе си помагаат;
- дидактичко-методички знаења, како што се: подготовка на наставен час, користење на разни наставни форми и методи, наставни модели, интеракција со целата паралелка/воспитно-образовна група, способност да обезбеди повратна информација (feed-back) на учениците/децата - поединечно, да објаснува нови содржини и сл,;
- мултикултурни и етички вредности на личноста, односно еднаков третман на сите ученици, праведност и способност да биде пример (role model) за учениците/децата и сл.;
- способностите за рефлексија на сопствената работа, како и способноста за интеграција на коментарите и сугестиите на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на менторот-професор во сопствената работа.

Истовремено, евалуацијата обезбедува конструктивни совети за професионалниот развој на студентите, со посебен фокус на позитивните страни на студентот и на  оние кои треба да се подобрат. Евалуацискиот извештај од страна на менторот-воспитувач/наставник/педагог е наративен (Прилог бр. 7). Тој е базиран на содржината од извештаите за остварените консултативни средби (Прилози бр. 8а и 8б) со студентот и

резултатите од проценката на состојбата, со посебен фокус на деталните критериуми за вештините на студентите во текот на самостојната реализација на наставниот час. Финалниот евалуациски извештај (Прилог бр. 10) се изготвува од страна на менторот-професор и е базиран на резултатите од евалуацискиот извештај на менторот-воспитувач/наставник/педагог (Прилог бр. 9) и извештаите за остварените консултативни средби (Прилози бр. 8а и 8б). Студентите се охрабрени да направат и самоевалуација (Прилог бр. 11) и нивната работа да биде оценета од страна на учениците (Прилог бр. 12). Резултатите од нив (самопроценката и оценувањето на наставните часови на студентите од страна на учениците) се за самите студенти и не се земаат предвид при евалуацијата од страна на менторот-воспитувач/наставник/педагог и на менторот-професор.

**8. Потребни документи при процесот на остварување на практичната настава на студентот:**

- Потврда за упатување на студентот за реализација на практична настава (Прилог бр. 1).
- Евиденциона листа за набљудувани наставни часови, остварени работни средби и состаноци (Прилог бр. 2а).
- Евиденциона листа за набљудувани воспитно-образовни активности, остварени работни средби и состаноци (Прилог бр. 2б).
- Извештај за реализирани активности, остварени работни средби и состаноци (Прилог бр. 3).
- Модел на дневна подготовка (Прилог бр. 4а).
- Дневен оперативен план (Прилог бр. 4б).
- Модел на подготовка на наставен час (Прилог бр. 5а).
- Модел на подготовка на воспитно-образовна активност (Прилог бр. 5б).
- Протокол за евалуација на наставен час (Прилог бр. 6а).

- Протокол за евалуација на воспитно-образовна активност (Прилог бр. 6б).
- Насоки за подготвување наративен извештај за набљудуван наставен час/воспитно-образовна активност (Прилог бр. 7).
- Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-наставник/педагог и студентот (Прилог бр. 8а).
- Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-воспитувач и студентот (Прилог бр. 8б).
- Евалуациски извештај (Прилог бр. 9).
- Финален евалуациски извештај (Прилог бр. 10).
- Самопроценка на студентот (Прилог бр. 11).
- Модел-прашалник за учениците (Прилог бр. 12).
- Потврда за реализирана практична настава на студентот (Прилог бр. 13).

**Користена литература**

European Commission. (2009). Practical Classroom Training within Initial Teachers Education.

European Training Foundatin. (2011). Teachers for the Future: Teacher Development for Inclusive Education the Western Balkans.

Kyriacou, Ch. (2001). Essential teaching skills. Nelson Thornes Ltd/United Kingdom- http://books.google.mk/books?id=zcFE.SecBUgC&printsec=frontcover#v=onepage&q&f=false/

(пристапено на 20 мај 2013 година)

Loukas, A. (2007). What Is School Climate? Leadership Compass Vol. 5, No. 1, Fall 2007 http://www.naesp.org/resources/2/Leadership_Compass/2007/LC2007v5n1a4.pdf

Ouellet, F. (1991). L'éducation interculturelle - essays sur contenu de la formation des maitres. Paris: Editions L'harmattan.

Penas Ibanez B. and Lopez Saenz C. (2006). Interculturalisam between the identity and diversity. http://books.google.mk/books?id=-drf_UU6Fw8C&printsec=frontcover&dq=interculturalism&hl=en&redir_esc=y#

(пристапено на 3 декември 2012 година)

Taylor, Ch.et al. (1994). Multiculturalisam: Examining the Politices of Recognition.

Атанасова, В. Предизвиците на културниот диверзитет и мултикултурализмот http://evrodijalog.eu/pdf/ED13/EVRODIJALOG-Br13_01-Vesna-Atanasova.pdf веб-страница за закони од обласа на образованието; www.edulaws.mk

(пристапено на 17 ноември 2011 година)

Закон за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија, бр. 120/2010).

Закон за основно образование.

http://www.edulaws.mk/images/pdf/Zakon_za__izmenuvanje__i__dopolnuvanje__na_zakonot_za_osnovno_obrazovanie%2012%20jan%202012.pdf

(пристапено на 14 јуни 2013 година)

Закон за средно образование.

http://www.edulaws.mk/images/pdf/zakon_sredno_obrazovanie.pdf

(пристапено на 14 јуни 2013 година)

Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. (2007). Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука.

Оддел за реформа на образованието при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. (2011). Правилата, регулативите и практиките на педагошките факултети поврзани со студентската практика во училиштата во Европа и пошироко.

Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите. (Службен весник на Република Македонија, бр. 120/2010).

Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничката настава. (Службен весник на Република Македонија, бр. 120/2010).

Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошка документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој. (Службен весник на Република Македонија, бр. 23/13).

**ПРИЛОЗИ**

Легенда

За секој инструмент се користат одредени симболи кои се составени од еден до четири знаци со следниве објаснувања:

- првиот симбол е број кој го претставува редниот број на инструментот;
- буквата **а** означува дека инструментот се однесува на основното образование, а буквата **б** дека се однесува на предучилишно воспитание;

  по косата црта следува голема печатна буква која го означува субјектот кој треба да го пополни инструментот: **С** – студент, **Н** – наставник, **П** – професор и **У** – ученик (таму каде што се среќаваат знаците **С - Н** тоа значи дека тој инструмент треба да го пополнат и студентот и наставникот).

**Прва група прилози за практична настава/**
**Одделенска настава**

**Прилог бр. 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ ____________________**
**во ____________________**
**______________________ ФАКУЛТЕТ**
**во ______________**

Врз основа на член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 103/08) и член 6 од Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти (Сл. весник на РМ, бр. 120/10), ____________________________ факултет во ____________ во состав на Универзитетот _________________________________ во ___________, ја издава следнава

**ПОТВРДА**

**за упатување на студентот за реализација на практична настава**

________________________ факултет во ____________ во состав на Универзитетот _________________________________ во _____________, потврдува дека лицето ________________________________________ со број на индекс___________________, е студент запишан/а во ______________семестар на студиската програма по ________________________________________________ во учебната ___________ година.

Студентот се упатува на практична настава во _________________________ ________________________________________________(организација/установа).

Практичната настава не може да биде пократка од 30 дена, а ангажманот во текот на денот треба да изнесува од еден до осум часа.

ПРОДЕКАН ЗА НАСТАВА

___________________________________

**Прилог бр. 2а/С**

**Евиденциона листа за набљудувани наставни часови, остварени работни средби и состаноци**

**Име и презиме на студентот: ______________________________________________**

**Број на индекс: ________________**

| Наставни предмети | 1 | | 2 | | 3 | | Дополнителна настава | | Додатна настава | | Образование за животни вештини | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Датум** | **Паралелка** | **Датум** | **Паралелка** | **Датум** | **Паралелка** | **Датум** | **Паралелка** | **Датум** | **Паралелка** | **Датум** | **Паралелка** |
| Мајчин јазик | | | | | | | | | | | | |
| Математика | | | | | | | | | | | | |
| Ликовно образование | | | | | | | | | | | | |
| Музичко образование | | | | | | | | | | | | |
| Природни науки | | | | | | | | | | | | |
| Физичко и здравств. образование | | | | | | | | | | | | |
| Техничко образование | | | | | | | | | | | | |
| Општество | | | | | | | | | | | | |
| Природа | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

| Активности, работни средби и состаноци | Датум | Датум | Датум |
|---|---|---|---|
| Средби со директор | | | |
| Средби со педагог (психолог, социолог, дефектолог, социјален работник, библиотекар) | | | |
| Вонннаставни активности | | | |
| Дополнителна и додатна настава | | | |
| Присуство на родителски состаноци | | | |
| Присуство на состаноци на стручни активи, наставнички совет | | | |
| Присуство на средби со членови на невладини организации, локална заедница | | | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

Датум　　　　　　　　　　　　　　　　　　Ментор-наставник/педагог

______________________　　　　　　　　　______________________________

**Прилог бр. 3/С**

**Извештај за реализирани активности, остварени работни средби и состаноци**

**Име и презиме на студентот: ___________________________________________**

**Институција/факултет: ________________________________________________**

**Година на студии:________________ Број на индекс:__________________**

**Име и презиме на менторот-воспитувач/наставник/педагог: __________________**

**Воспитно-образовна институција: ______________________________________**

**Период на реализација: _______________________**

**Вид на активност:** (заокружете ги активностите коишто ги имате реализирано)

- Средби со директор
- Средби со педагог (психолог, социолог, дефектолог, социјален работник, библиотекар)
- Вонаставни активности
- Дополнителна и додатна настава
- Присуство на родителски состаноци
- Присуство на состаноци на стручни активи, наставнички совет
- Присуство на средби со членови на невладини организации, локална заедница

1. Краток опис на реализираните активности:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

Студент

Ментор-професор

**Прилог бр. 8а/С**

**Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-наставник/педагог и студентот[11]**

**Име и презиме на студентот: ____________________________________________**

**Број на индекс: _______________________________________________________**

**Факултет: ______________________________________________________________**

**Студиска програма: _______________________ Година на студии: __________**

**Име и презиме на менторот-наставник/педагог: ________________________________**

**Институција/ОУ: _______________________________________________**

**Период: ______________________Број на остварени средби:_________________**

1. Дискутирани прашања:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

2. Учество на студентот во воннаставни активности (краток опис и времетраење на активностите):

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

[11] Овој извештај го проверува и го потпишува менторот-наставник/педагог.

3. Учество на студентот во дополнителна и додатна настава (краток опис и времетраење на активностите):

___

___

___

___

4. Учество на студентот во организирање/планирање на родителски состаноци и индивидуални средби со родителите:

___

___

___

___

5. Учество во други активности:

___

___

___

___

6. Заклучоци и препораки (пополнува менторот):

___

___

___

___

Студент — Ментор-наставник/педагог

___ ___

**Прилог бр. 10/П**

**Финален евалуациски извештај**

**Име и презиме на студентот: ___________________________________________**

**Број на индекс: ______________________________________________________**

**Факултет: _____________________________________________________________**

**Студиска програма: _______________________ Година на студии: __________**

**Име и презиме на менторот-професор: _________________________________**

Опис на способностите, вештините и ставовите на студентот по завршување на практичната настава::

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Препораки:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Датум Ментор-професор_

_________________ ________________________

**Прилог бр. 13**

**(Се пополнува по завршувањето на секоја фаза од практичната настава)**

| |
|---|
| Заведено во архива на<br>_______________________________ |

**П О Т В Р Д А**

за реализирана практична настава на студентот

_____________________________________________________(организација/установа), потврдува дека студентот______________________________________________________ со број на индекс ____________, запишан/а на _________________ факултет во __________, во ______ семестар на студиската програма по ___________________________________ во учебната ___________ година, ја реализирал практичната настава.

Практичната настава е реализирана во периодот од _________201___ до ___________201____ година.

Потврдата се издава за да му послужи на студентот за запишување во _______________семестар на I (прв) циклус студии.

**М е н т о р**
**(воспитувач/наставник/педагог)**
_____________________________

**Директор**
_____________________________

**Ментор-професор**

_____________________________

**Прва група прилози за изведување практична настава /**
**Предучилишно воспитание**

**Прилог бр. 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ ____________________**
**во ___________________________________**
**___________________________ ФАКУЛТЕТ**
**во ________________________**

Врз основа на член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ, бр. 103/08) и член 6 од Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти (Сл. весник на РМ, бр. 120/10), ____________________________ факултет во ____________ во состав на Универзитетот _________________________________ во ___________, ја издава следнава

**ПОТВРДА**

**за упатување на студентот за реализација на практична настава**

________________________ факултет во ____________ во состав на Универзитетот _________________________________ во _____________, потврдува дека лицето _______________________________________ со број на индекс___________________, е студент запишан/а во ______________семестар на студиската програма по ________________________________________________ во учебната ___________ година.

Студентот се упатува на практична настава во _________________________ ________________________________________________(организација/установа).

Практичната настава не може да биде пократка од 30 дена, а ангажманот во текот на денот треба да изнесува од еден до осум часа.

ПРОДЕКАН ЗА НАСТАВА

____________________________________

**Прилог бр. 2б/С**

**Евиденциона листа за набљудувани воспитно-образовни активности, остварени работни средби и состаноци**

**Име и презиме на студентот: ___________________________________________**

**Број на индекс: _______________**

| Развојни домени | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Датум** | **Возрасна група** | **Датум** | **Возрасна група** | **Датум** | **Возрасна група** | **Датум** | **Возрасна група** |
| Здравје и моторен развој | | | | | | | | |
| Социоемоционален развој | | | | | | | | |
| Развој на јазикот, писменост и комуникација | | | | | | | | |
| Когнитивен развој и стекнување општи знаења | | | | | | | | |
| Пристап кон учење | | | | | | | | |

| Активности, работни средби и состаноци | Датум | Датум | Датум |
|---|---|---|---|
| Средби со директор | | | |
| Средби со педагог (психолог, социолог, дефектолог, логопед, лекар, социјален работник) | | | |
| Присуство на родителски состаноци | | | |
| Присуство на состаноци на стручни активи | | | |
| Присуство на средби со членови на невладини организации, локална заедница | | | |
| Присуство на прослави и на други јавни манифестации | | | |

**Датум** **Ментор-воспитувач**

_________________________ _________________________

**Прилог бр. 3/С**

**Извештај за реализирани активности, остварени работни средби и состаноци**

**Име и презиме на студентот: _____________________________________________**

**Институција/факултет: ________________________________________________**

**Година на студии:_________________ Број на индекс:___________________**

**Име и презиме на менторот-воспитувач/наставник/педагог: __________________**

**Воспитно-образовна институција: _______________________________________**

**Период на реализација: ________________________**

**Вид на активност:** (заокружете ги активностите коишто ги имате реализирано)

- Средби со директор
- Средби со педагог (психолог, социолог, дефектолог, социјален работник, библиотекар)
- Воннаставни активности
- Дополнителна и додатна настава
- Присуство на родителски состаноци
- Присуство на состаноци на стручни активи, наставнички совет
- Присуство на средби со членови на невладини организации, локална заедница

1. Краток опис на реализираните активности:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Студент Ментор-професор

**Прилог бр. 8б/С**

**Извештај за остварените консултативни средби меѓу менторот-воспитувач и студентот[12]**

**Име и презиме на студентот: ____________________________________________**

**Број на индекс: _______________________________________________________**

**Факултет: _________________________________________________________**

**Студиска програма: _______________________ Година на студии: __________**

**Име и презиме на менторот-воспитувач: ________________________________**

**Институција/ЈОУДГ: ______________________________________________**

**Период: ______________________ Број на остварени средби:_________________**

1. Дискутирани прашања:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

2. Учество на студентот на прослави и други јавни манифестации (краток опис и времетраење на активностите):

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

3. Учество на студентот во организирање/планирање на родителски состаноци и индивидуални средби со родителите:

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

[12] Овој извештај го проверува и го потпишува менторот-воспитувач.

4. Учество во други активности:

5. Заклучоци и препораки (пополнува менторот):

**Студент** **Ментор-воспитувач**

**Прилог бр. 10/П**

**Финален евалуациски извештај**

**Име и презиме на студентот: ___________________________________________**

**Број на индекс: ______________________________________________________**

**Факултет: _____________________________________________________________**

**Студиска програма: _______________________ Година на студии: __________**

**Име и презиме на менторот-професор: __________________________________**

Опис на способностите, вештините и ставовите на студентот по завршување на практичната настава::

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Препораки:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

Датум                                                        Ментор-професор_

_________________                                  ________________________

**Прилог бр. 13**
**(Се пополнува по завршувањето на секоја фаза од практичната настава)**

| |
|---|
| Заведено во архива на<br>______________________________ |

**П О Т В Р Д А**
за реализирана практична настава на студентот

________________________________________________(организација/установа),
потврдува дека студентот_______________________________________________ со
број на индекс ____________, запишан/а на _________________ факултет во __________,
во ______ семестар на студиската програма по __________________________________ во
учебната ___________ година, ја реализирал практичната настава.

Практичната настава е реализирана во периодот од _________201___ до ___________201____ година.

Потврдата се издава за да му послужи на студентот за:___________________.

**М е н т о р**
**(воспитувач/наставник/педагог)**
**____________________________**

**Директор**
**____________________________**

**Ментор-професор**

**____________________________**

**Втора група прилози**

**Одделенска настава**

**Прилог бр. 4а/С**

**Модел на дневна подготовка**[13]

(доколку се применува интегрирана настава се пополнува Прилог бр. 4а, а за класична настава се пополнува Прилог бр. 5а)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот:** | |
| **Институција/факултет:** | |
| **Година на студии:** | |
| **Име и презиме на менторот-професор:** | |
| **Воспитно-образовна институција:** | |
| **Име и презиме на менторот-наставник:** | |
| **Датум на реализација:** | |
| **Одделение:** | |
| **Наставен предмет:** | **Наставна содржина:** |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| **Цели на работниот ден:** | |

[13] Студентот самостојно го изработува дневниот оперативен план пред реализацијата на наставните часови и го предава на менторот-професор пет работни дена пред нивното одржување.

| | |
|---|---|
| | |
| **Наставни форми:** | **Наставни средства и помагала:** |
| | |
| **Наставни методи:** | **Место на реализација:** |
| | |

| |
|---|
| **Опис на текот на активностите (на наставникот/ученикот):** |
| |
| **<u>Воведен дел</u>** |

**<u>Главен дел</u>**

**<u>Завршен дел</u>**

| Евалуација на текот на активностите (на наставникот/ученикот): |
| --- |

**Прилог бр. 5а/С**

## Модел на подготовка на наставен час[14]

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на студентот:** | |
| **Институција/факултет:** | |
| **Година на студии:** | |
